**ФЕДЕРАЦИЈА ЗА ПЛАНИНАРСТВО**
**НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
***- Комисија за планинарски водичи -***

Комисија за планинарски водичи

Бр. 12-116/1/2025
Датум: 26 **декември** 2025 година

До: Планинарски водичи на ФПСМ со лиценца **А1**

Предмет: **Известување за продолжување на образованието и премин кон интегрирана лиценца „Планинарски водич“**

Почитувани,

Со овој допис Ве известуваме дека лиценцирањето по **стариот систем** (А1/А2/Б1/Б2 како одделни категории) повеќе **не е на сила** поради изготвување и усвојување на низа правилници, упатства и програми со кои се унапредува работата, функционирањето и организирањето на планинарските водичи во рамки на ФПСМ. Согласно усвоениот Правилник престануваат да важат претходните правилници и акти што ја регулираа водичката дејност.

Во согласност со новата методологија, Комисијата е задолжена да донесе протокол за **задолжително дооформување на образованието** на регистрираните водичи на ФПСМ кои поседуваат лиценца **А0, А1, А2 и Б1**, со цел стекнување со лиценца и квалификација **„планинарски водич“**.

**1. Што се менува? - Интегрирана лиценца „Планинарски водич“**

Со новите програми, лиценците **А1, А2, Б1 и Б2** се интегрираат во една единствена лиценца **„Планинарски водич“** која опфаќа водење во **летни (А стандард)** и **зимски услови (Б стандард)**, согласно донесените програми, карактеристики и протоколи.

**2. Известување за водичи со лиценца А1**

Свесни за транзициската состојба Ве уверуваме дека ова претставува најбезбедно и најфункционално решение – и за ФПСМ и Комисијата, но пред сè за водичите и нивните клиенти кои ќе бидат водени во планина. Иако знаеме дека дел од активните водичи очекувале „релиценцирање“ по стариот систем, Ве информираме дека по новите програми и правилници **тоа не е возможно**.

**3. Можност за продолжување на образованието: Б стандард (зимско водење)**

На оние кои сакаат да продолжат да се занимаваат со планинарско водење им се овозможува да се пријават **директно на обуката за Б стандард (зимско водење)** и со успешно положување на испитот да се стекнат со интегрираната лиценца **„планинарски водич“**.

Дополнително, Ве информираме дека лиценцата „планинарски водич“ е **професионална квалификација призната од Министерството за образование и наука**, а важноста на лиценцата е **три години**.

### 4. Транзициски рок за продолжување на постојните лиценци

За оние кои ќе се пријават за продолжување на образованието и слушање/полагање на **Б стандардот**, Комисијата едногласно одлучи да даде рок со кој лиценците во старата категорија ќе им се продолжат **до моментот на успешно положување на испитот за Б стандард**, но тој период **не може да биде подолг од 3 години**.

Тоа значи дека на лицата **кои ќе се пријават** за комплетирање на образованието, лиценците за летно водење ќе бидат продолжени **најдоцна до 01.01.2029 година**.

**Комисијата го задржува правото овој рок да го скрати во зависност од бројот на кандидати кои ќе се пријават за комплетирање на образованието и стекнување на интегриранатa лиценца „планинарски водич", но скратувањето не може да биде подолго од **1 година**, односно краен рок **01.01.2028 година**.*

### 5. Важно известување за оние кои нема да се пријават за комплетирање

Ги известуваме водичите кои **нема да се пријават** за комплетирање на образованието и кои ќе останат со лиценца **А1** дека **по истекот на важноста на нивната лиценца истата нема да биде продолжена**.

Дополнително, доколку лицата не се пријават во овој повик во иднина – доколку сакаат да се стекнат со интегриранатa лиценца **„Планинарски водич"** – ќе мора да го поминат **целиот процес од почеток**, односно:

- слушање и полагање **прво на А стандард**,
- а потоа слушање и полагање **на Б стандард**,

што ќе донесе **дополнителни финансиски импликации**, како и **дополнително потребно време** за стекнување на лиценца.

### 6. Следни активности

Ве замолуваме да ги разгледате приложените програми, правилници и протоколи и да донесете одлука во врска со Вашето дообразование. Во периодот што следи ќе бидете контактирани од член на Комисијата за планинарски водичи во врска со понатамошниот тек на образоаниео и лиценцирањето.

За дополнителни информации и комуникација со Комисијата, Ве молиме обратете се на: **е-пошта:** kpv.fpsm@gmail.com

Со почит,

ФЕДЕРАЦИЈА ЗА ПЛАНИНАРСТВО НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * СКОПЈЕ *

Претседател,
Виктор Антовски

***Прилог:***

1. *Правилник за работа на Комисијата за планинарски водичи и регулирање на водичката дејност при ФПСМ;*
2. *Програма за обука на планинарски водичи во летни услови – **А стандард**;*
3. *Програма за обука на планинарски водичи во зимски услови – **Б стандард**;*
4. *Карактеристики на А стандард – летно планинарење;*
5. *Карактеристики на Б стандард – зимско планинарење.*